Совет на Општина Делчево
Број 09- 1067 /2
12.05.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 23.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 12.05.2023 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 16:15 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 23.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 20. седница на Советот на Општина Делчево

-Усвојување на Записник од 21. седница на Советот на Општина Делчево

-Усвојување на Записник од 22. седница на Советот на Општина Делчево

1. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2022 година со Заклучок за усвојување;
2. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач:** Претставник на Источен плански регион.
3. Предлог- Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;
4. Предлог- Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

   **Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината.
5. Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година со Одлука за давање согласност;

   **Образлагач**: Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси.
6. Извештај за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;
7. Годишна сметка на ЈКП „Брегалница" за 2022 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач**: Стојче Стојковски директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево и Марија Сумрачка-сметководител на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
8. Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

9. Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;
10. Годишен извештај за спроведување на Програмата за управување со отпадот во општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура.

11. Измена на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „ Весели Цветови"

12. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Љупчо Тодоров;

**Образлагач:** Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

13. Предлог-Одлука за расходовање на неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето;

**Образлагач:** Влатко Ангеловски-соработник за управување со движен и недвижен имот.

14. Предлог-Одлука за финансиска помош по Барање број УП1 21-101 од 07.03.2023 година;
15. Предлог-Одлука за финансиска помош по Барање број УП1 21-112 од 14.03.2023 година;

**Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Совет на Општина Делчево.

16. Предлог-Заклучок во врска со Барање бр.09-801/1 од 21.03.2023

**Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Совет на Општина Делчево.

17. Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
18. Предлог-Одлука за одобрување на приоритетен проект за апликација по Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, во форма на Грант и кофинансирање

**Образлагач:** Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта.

19. Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за
20. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот на Советот на Општина Делчево отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој предложи точките 5 и 11- Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година со Одлука за давање согласност и Измена на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023 година со Заклучок за усвојување да бидат симнати од дневе ред од причини што, Годишен план за вработување на Општина Делчево постојано се менува и постојано се вработуваат луѓе во општината и покрај тоа што таа е со блокирана сметка заради долгот и покрај тоа што е економска криза. Тој исто така рече дека општинската администрација нема зголемен

обем на работа, се зголемуваат давачките на општината за плати и затоа новите вработувања се неоправдани.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече предложи точките да останат на дневен ред и да бидат образложени од страна на образлагачите. Потоа ќе биде отворена расправа и секој член на Советот ќе заземе свој став како ќе гласа по двете точки. Во врска со точката 5, претседателот на Советот рече дека моментално во ТППЕ Делчево има едно испразенето место за пожарникар спасител, а согласно законот секоја општина има пропишано колкав треба да биде минималниот број на пожарникари. Исто така има потреба затоа што пред 2 години нашето подрачје било зафатено со пожар од поголеми размери.

Иван Гоцевски праша зошто неговиот предлог или иницијатива за санација на кровот на АСНОМ не е ставена на дневен ред и покрај тоа што уредно е доставена?

Претседателот на Советот истакна дека до него како претседател на Совет е доставена само Иницијативата од советникот, но не и одговорот од градоначалникот и затоа не е ставена на дневен ред.

Кирил Тренчевски имаше реплика до Иван Гоцевски и рече дека на покривот на АСНОМ веќе се изведуваат некои работи за негово санирање.

Претседателот на Советот рече дека тој има предлог за дополнување на дневниот ред со точка-Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 12.05.2023. Во врска со овој предлог претседателот на Советот истакна дека Советот на Општина Делчево ја завршил неговата обврска и донел одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување и истата била доставена до ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје- КЕЦ Делчево.

Имајќи предвид дека во периодот од донесувањето на одлуката и нејзиното стапување во сила, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје- КЕЦ Делчево се уште ги задолжува имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување во населените места определни во член 1 и член 2 од наведената одлука, односно Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје- КЕЦ Делчево одлуката ја спроведува селективно, претседателот на Советот достави| допис до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје- КЕЦ Делчево бр.09-1042/1 од 25.04.2025 со кој побара одговор за неспроведувањето на одлуката. Во дописот меѓу другото било одговорено дека ***Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје- КЕЦ Делчево не е надлежна да одлучува кое броило ќе биде задолжено, а кое не со такса за улично осветлување и дека тоа е обврска на Општина Делчево.***

До претседателот на Советот на Општина Делчево досега биле поднесени повеќе барања за ослободување од комунална такса за улично осветлување од наши граѓани.

Имајќи ги предвид сите напред наведени факти, а се со цел да им излеземе во пресрет на барањата на граѓаните, како и за поефикасно извршување на одлуката, се предлага оваа измена, односно дополнување на член 3 со нов став 2 кој гласи:

„Градоначалникот на Општина Делчево да го задолжи Секторот за урбанизам,заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР да издава Потврда , по барање на имателите на електрични броила ,со која ќе потврди дека имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување се лоцирани и поставени на:

- земјоделско земјиште вон мрежата за јавно улично осветлување и

- придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување“.

Сметаме дека на овој начин ќе им овозможиме на граѓаните да ги остварат своите права кои произлегуваат од нашата одлука, односно да бидат ослободени од комунална такса за улично осветлување, рече претседателот на Советот, Гоце Попов кој во целост ја прочита Одлуката за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 12.05.2023 како и текстот на Потврдата која треба да биде издавана од страна на општина Делчево.

На гласање беше ставен предлогот на претседателот на Советот за дополнување на дневниот ред за 23.седница, на Советот.

Едногласно со 15 гласа ЗА“, предлогот за дополување на дневниот ред беше прифатен.

Иван Гоцевски рече дека советничката група гласазала за предлогот од претседателот на Советот (позицијата) бидејќи е во интерес на граѓаните на општина Делчево.

Оливера Ташевска праша што ќе се случи со граѓаните на кои и покрај донесената одлука изминативе 2 месеци им се фатурира комунална такса за улично осветлување.

Претседателот на Советот рече дека нема одговор на ова прашање, најверојатно одговорот е во ЕВН кој не ја спроведува одлуката или селективно ја спроведува. Советот е орган кој донесува одлуки и не е надлежен за нивната реализација, примена или извршување.

Потоа на гласање беше ставен и дневниот ред за 23.седница на Советот.

Едонгласно со 15 гласа „ЗА“ беше усвоен дневниот ред со дополнување на 20 точка- Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 12.05.2023.

**Првата точка-Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2022 година со Заклучок за усвојување**, беше образложена од страна на директорот на ЦИПР, Зуица Ангелова која истакна дека овој извештај се изготвува врз основа на членовите 22, 30 и 65 од Законот за региоанлен развој и го опфаќа периодот јануари-декември 2022 година. Во овој извештај се опфатени проекти финансирани од националниот буџет преку Програмите за рамномерен регионалн развој, проекти финансирани од националниот буџет преку министерствата, АФПЗРР, ИТЕРРЕГ-Програма за прекугранична соработка со Бугарија, Швајцарската агенција за развој и соработка, Швајцарската конфедерација ГИЗ-РЕД, Програмата за регионален економски развој во РМ, УНДп и др.донатори. Таа ги спомна сите реализирани проекти и активности на ЦИПР по области и мерки со посебен осврт на проектите реализирани во општина Делчево. Бидејќи во самиот иизвештај има детални табеларни прегледи за сите проекти, тааа истакна дека нема многу да должи, а ако советниците имаат некои прашања, ќе даде одговор на истите.

Претседателот отвори расправа по точката.

За забор се јави Оливера Ташевска која праша од што или од кој зависи кој проект ќе биде реализиран, бидејќи во извештајот за сите други општини имало многу проекти, а за Делчево малку?

Зуица Ангелова рече дека во овој Извештај општина Делчево е застапена со 3-4 проекти дадени во табеларните прегледи и во тој контекст ги спомна изградбата на Градскиот пазар 2 фаза, пробивање на пат во Долни Бавчи, трасиран патен правец во с.

Вирче и дигитализацијата на општинските услуги. Инаку проектите ги изготвуваат и доставуваат општините, односно општинската админситрација, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2022 година.

**Втора точка-Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше директорката на Источен плански регион која рече дека овој извештај се однесува на работата на Центарот, во него се соджани основни податоци, основање, седиште, организациска поставеност, портфолио на услуги, податоци за сите реализирани проекти, како и годишен финансиски извештај за 2022 година.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година.

**Трета точка-Предлог- Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;**

Оваа точка ја образложи раководителката Анка Христова која рече дека ова проширување е по барање на буџетските корсиници и се однесува на вишок на приходи од претходна година од 4.919.580 во делт на дотации и 920.000 во делот на донации.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Оливера ташевска која праша колку изнесува последната бруто плата на градоначалникот исплатена за месец април 2023 година?

Раководителката Анка Христова рече дека ова прашање се однесува на наредната одлука.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

**Четврта точка-Предлог- Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината која рече:

„Почитувани на сите ви е јасно дека пред извесно време имаше одлука на Уставен суд за укинување на член 4 од законот за платите плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ („Сл.весник на РМ“ бр.97/2010) и член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци за избрани и именувани лица во РМ („Сл.весник на РМ“) бр.139/2014). Одлуката на Уставниот суд е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 65/2023 До објавувањето на Одлуката на Уставниот суд важечка основица на пресметување на платата беше оспорената, утврдена во член 4, во износ од 25.726 и таа основица со процентуалните усогласувања од 2014г. изнесуваше 26.755 според која се пресметуваа и

исплаќаа платите на избраните и именуваните лица. Истовремено во сила била и одредбата од член 11 од Законот. Поради наведеното двојство во уредувањето на прашањето за основицата на платата на избраните и именуваните лица и непрецизноста и нејасноста на оспорените законски одредби, Уставниот суд на РСМ ги укинува спорните членови од Законот. Согласно оваа Одлука на Уставен суд на РСМ, при пресметката на платата на овие лица треба да се има предвид одредбата од член 11 според која:„Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот Завод за статистика". Просечно исплатената бруто плата во РМ по вработен за 2022 година (согласно соопштението на Државниот завод за статистика на РСМ бр.4.1.23.27 од 21.03.2023 година) и таа изнесува 47.637 денари, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша колку изнесува последната бруто плата на градоначалникот исплатена за месец април 2023 година?

Раководителката А.Христова рече дека во моментот не може точно да каже и ја упати советничката да побара одговор на прашањето како информација од јавен карактер.

Иван Гоцевски праша дали основицата се однесува на нето плата или бруто плата?

Тони Стаменковски рече дека во врска со Одлуката на Уставен суд која е практично за покачување на платата на функционерите за 78%, политичката партија Левица на 2 мај 2023 година има поднесено Барање за автентично толкување бидејќи со Одлуката на Уставниот суд, со која платите на функционерите се покачија неверојатни 78%, сметаат дека забуната е настаната при некоректно толкување на членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката. Министерството за финансии, во циркуларна порака до буџетските корисници, им наложува формулацијата „просечна исплатена месечна плата" да ја толкуваат како бруто плата по работник?! Но, подоследна интепретација на оваа фраза е таа да се толкува дека истата се однесува на нето-плата по вработен од ланската година, според податоците на Државниот завод за статистика - при што, во овој случај ќе стане збор само за „одмрзнување", а не и за зголемување на функционерските плати! Заради доследна и јасна примена на одредбата од посочениот закон, како и заради обезбедување на правна сигурност на граѓаните, Левица бара ваквата законска норма да се однесува на нето, а не на бруто-плата на вработен, со што актуелните плати на функционерите би се намалиле за 50%

На крајот, тој истакна дека има многу дилеми и деоследности со оваа Одлука на Уставен суд и дека Левица како политичка партија смета дека, во услови на растечка сиромаштија и зголемена класна раслоеност, недозволиво е функционерите да бидат привилегирани во однос на обичните граѓани.

Зекир Абдулов рече дека имајќи ја предвид одлуката и образложението во врска со оваа точка се наметнува заклучок дека платата е веќе усогласена, има одлука на Уставен суд, а Советот е тука само да ја изгласа одлуката. Како граѓанин смета дека измените не се баш во ред, 78% е навистина многу, сето тоа предизвика многу негативни коментари и смета дека не е во ред. Исто така се согласува дека платите на функционерите треба да се покачат, имајќи ја предвид и одговорноста на функционерите, но прашање е дали 78%, тоа според него е голем знак прашалник.

Анка Христова рече дека оваа измена на одлуката е доглссно одлуката на Уставен суед, а е предложена на седница на Совет бидејќи Советот ја донел Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево, а сега се менува членот 9 од оваа одлука.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а **Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година беше** ставена на гласање.

Со нула гласови „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 14 „ВОЗДРЖАНИ“, истата не беше донесена.

**Петта точка-Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година со Одлука за давање согласност;**

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која истакна дека согласно член 20-б точка 1 алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 32 од Законот за административни службеници предлагаме Измена на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2023 година. Имено се работи за следното. Се врши измена на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2023 година и тоа во на страна 6,Дел 3. Планирани нови вработувања во следната година, Табела 6., , се мисли на 2023 година, бидејќи основниот ГПВ за 2023 година е правен во 2022 година. Се додаваат 2 нови вработувања и тоа работното место под реден број4: Советник за планирање на ЛЕР – 1 извршител во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР , Одделение за локален економски развој, превенција и справување со кризна состојба заштита и спасување и работно место под реден број 12. Пожарникар – спасител – 1 извршител во ТППЕ Делчево. Таа истакна дека од предвидените 12 нови вработувања во 2023 година, веќе се реализирани 4 вработувања во месец Јануари и Март 2023 година и тоа: работно место под реден број 3. Советник за заштита на животната средина и природата, работно место под реден број 5.Самостоен референт за сообраќај, патишта и комунални работи, работно место под реден број 6. Референт доставувач и работно место под реден број 9 Референт комунален редар. Но од причини што извештајниот период за ГПВ 2023 година не е дојден, затоа тие места согласно Методологијата за изработка на ГПВ, се ставаат повторно и во Измената на ГПВ за 2023 година. Реално ако во основниот Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година биле планирани 10 нови вработувања, од нив 4 се веќе реализирани, сега додаваме 2 нови работни места, значи реално сега се планирани 8 нови вработувања а не 12 како што стои во предложената Измена на ГПВ за 2023 година. Исто така таа истакна дека во ТППЕ Делчево работното место пожарникар спасител е упразнето од 2 Февруари 2023 година, и поради тоа не е предвидено во основниот Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката и рече дека како што истакнала образлагачот на точката, работното место пожарникар-спасител е испразнето

Кирил Тренчевски координатор на советничката група на СДСМ и коалицијата рече дека тие ќе го поддржат овој план со 1 корекција, а тоа е работното место под реден број 4-Советник за планирање на ЛЕР да се избрише од Годишниот план за вработување за 2023 од причини што за него не се предвидени средства за буџетот кои ќе бидат дополнително оптоварување и ќе има финансиски импликации за буџетот на Општина Делчево. Исто така, тој рече општината е блокирана заради долгот и работи со

лимитирана сметка, потоа има многу неисплатени надоместоци на членовите на Советот за присуство наседници, како и неисплатени средства по одлуки на Совет на многу невладини здруженија и спортски клубови.

Во врска со работното место под реден број 12-пожарникар спасител кое е упразнето и за кое има предвидени средства за плата и придонеси, предлогот/ставот на советничката група на СДСМ и коалицијата е да остане и да се пополни.

Оливера Ташевска праша колку пати може да се менува Годишниот план за вработување?

Сузана Петровска рече дека нема законско ограничување, но сепак не се пожелни чести измени на плановите, освен во некои непредвидени ситуации или кога има реална потреба (отказ, пензионирање и сл.) Инаку ГПВ го предлага градоначалникот, а согласност на истиот,дава Советот на Општината.видео

Иван Гоцевски рече дека градоначалникот на општината како предлагач на Годишниот план за вработување и на многу други важни точки (буџет, завршна сметка и сл.), свесно бега од седниците на Советот и советниците кои имаат многу прашања за поставување лично до него. Тој рече дека и првиот пат советничката група на ВМРО и коалицијата не го гласала планот, односно биле против, од причини што општината е заглавена со долг околу 200 милиони денари или околу 3 основни буџети на општина Делчево. Тој рече дека било какви нови вработувања во општина Делчево се банални и смешни имајќи ја предвид презадолженоста на општината и превработеноста. Како поткрепа на своето образложение тој рече дека на негово прашање за вкупниот број на вработени од страна на Секторот за финансии добил одговор дека заклучно со 30 декември, вкупниот број на вработи во општина Делчево бил следниот:

- 2010 година,30 вработени

- 2014 година, 34 вработени

-2018 година, 40 вработени

- јануари 2023 – 67 вработени

Тој рече дека му се случувало многу често некои граѓани да прашуваат кои работни задачи ги имаат некои работни места во општина Делчево (ПР, доставувач и некои други). Во врска со измените на Годишниот план за 2023 година, тој истакна дека местото за пожарникар е во ред, но праша дали работното место командир е празно, дали има соодветен кадар за тоа место и ако е така зошто не се пополнува со години тоа работно место, а се бара вработување на пожарникар спасител?

Оливера Ташевска праша по кој критериум ќе биде избран тој пожарникар спасител?

Сузана Петровска на прашањето на Оливерта Ташевска рече дека тоа место е предвидено со Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи и таму точно се наведени неговите работни задачи и условикои треба да ги исполнува

кандидатот. Потоа се распишува јавен оглас и се спроведува цела постапка согласно законот.

Зекир Абдулов рече дека како и за претходните точки, така и за оваа, потполно е свесен дека според неговата дискусија можеби ќе биде лош и за народот, но факт е дека има преголема вработеност во општината и премногу непродуктивен кадар годи station наназад. Што се однесува до измената на планот за вработување за 2023 година, тој рече дека според него, местото советник за Локален економски развој е потребно и дека тоа е можеби единственото место кое „носи“ пари во буџетот на општината, а не троши буџетски/пштински пари. Во некои Општини постојат и посебни одделенија за ЛЕР кои работат исклучиво проекти. Факт е дека Општина Делчево слабо ги користи средствата од европските фоднови и факт е дека е потребно лице кое има потребно знаење и искуство од таа област.

Сузана Петровска истакна дека моментално во општина Делчево има вработено советник за ЛЕР повеќе години, но најверојатно градоначалникот проценил дека има реална потреба и затоа ја предлага таа измена. Со Правилникот за систематизација е предвидено се што треба да исполнува како услови советничкото место за ЛЕР кое е предложено во овој план.

Иван Гоцевски рече дека се согласува со коментарот на претходниот советник дека има преголама превработеност која започнува од 2018 година. За 8 години, колку што на власт биле градоначалници од ВМРО ДПМНЕ, се вработени само 8 луѓе, а вкупниот број на вработени бил 40. Сега се 67 тоа кажува се, кој работи во итерес на граѓаните, а кој не, рече на крајот Иван Гоцевски

Претседателот апелираше да се дискутира по точката која е на дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор по оваа точка, расправата по точката беше затворена, а на гласање беше ставена Одлуката за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување на општина Делчево на гласање со предлогот од Кирил Тренчевски: „ работното место под реден број 4-Советник за планирање на ЛЕР да се избрише од Измената на Годишниот план за вработување за 2023“ .

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување на општина Делчево за 2023 година.

**Шеста точка-Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Извештај по оваа точка поднесе директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој на почетокот ги изнесе основните податоци на ЈКП и организациската поставеност. Во врска со Извештајот за 2022 година, тој истакна дека Програма за работа на ЈКП во 2022 година е реализирана во поголем дел освен делот за јавни набавки кои не биле спроведени заради лошата финансиска состојба и дека ЈКП деловната 2022 година ја завршило со негативен финансиски резултат односно загуба од 3.144.322 денари. 2022 година од страна на директорот беше оценета како најтешка година за ЈКП, а ако причини за загубата ги наведе:намалената потрошувачка на вода, енормно високи сметки за електрична енергија и високи цени на горивата и сите други енергенси. Во продолжение

на образложениeто беа образложени сите активности на ЈКП во 2022 година по сектори и одделенија и истакна дека доколку има прашања, советниците можат да ги поставaт писмено.

Од страна на претседателот на Советот седницата беше прекината бидејќи поради влошена здравствена состојба директорот на ЈКП „Брегалница“ го прекина своето образложение и ја напушти седницата.

По паузата седницата продолжи.

Претседателот отвори расправа по точката и ги повика советниците доколку имаат прашања да ги постават на Марија Сумрачка- сметководител на ЈКП 2Брегалница“.

За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски која праша:

1. На кој временски интервал се врши косење на тревата во парковите и другите јавни површини бидејќи и покрај покачената цена на оваа услуга ЈКП „Брегалница“ не врши редовно косење на тревата?

Марија Сумрачка рече дека тоа прашање треба да се проследи до раководителот на Секторот-градско зеленило и паркови или директорот.

Оливера Ташевска праша:

1. Зошто се уште не се санирани прекопите на асфалтот на улицата кај Здравен дом „Гоце Делчев“ каде имаше пукање на водоводна цевка и на ул. „Вера Јоциќ“ над гимназијата „М.М.Брицо“ од страна на ЈКП „Брегалница“ и дали и кога се планира санирање со асфалт или бекатон плочки?

Марија Сумрачка рече дека ќе се санира оштетувањето со бекатон плочки.

Оливера Ташевска, до ЈКП „Брегалница“ и Општина Делчево

1. До каде е постапката за поставување на канти за отпадоци во Централното градско подрачје?

Ели Ризова Ангеловска, постави прашање до директорот на ЈКП „Брегалница и тоа:

1. Дали директорот смета дека ја врши како што треба основната дејност на претпријатеиетo-трајно и без прекин бидејќи во извештајот е наведено дека основна дејност на претпријатието е:„Собирање, прочистување и дистрибуција на водата за пиење“.

Жителите на село Град последните 2 недели се соочуваат со сериозен проблем од недостиг на вода за пиење и загадена вода што е незамисливо во денешно време. Зошто не е преземено ништо од Ваша страна и што ќе преземете, кога ќе излезете на терен да ја видитие вистинската состојба со проблемите со водата во с. Град?

2. Зошто се уште нема никаков одговор од Ваша страна на Барањето поднесено од страна на претседателот на МЗ с.Град до Вас?

3. Барам писмен одговор-кои диви депонии се исчистени во с.Град и кога последен пат?

Иван Гоцевски рече дека насекаде низ градот може да се забележи дека тревата не е окосена и дека има неисчистени тротоари и дека е факт оти ЈКП „Брегалница“ или директорот на ЈКП нема капацитет да го одржуваат градот чист и среден. Тој го прочита последниот пасус од извештајот каде меѓу другото сстои дека:„***цените на услугите за***

*собирање на комунален отпад не се променети 10 години*“ и праша дали се планира покачување на цените на услугата за собирање на комунален отпад?

Претседателот на Советот рече дека како мнозинство во Советот нема да дозволат во иднина да се покачи ниту една давачка, односно цената на ниту една услуга, а со тоа и на цените на услугите за собирање на комунален отпад.

Кирил Тренчевски

Иван

Сунчица Ѓорѓиева праша дали се врши редовно читање на водомерите, а во врска со јавната чистота, таа истакна дека проблемот на е секогаш во ЈКП „Брегалница“-Делчево, туку и во граѓаните треба да бидат посовесни и да не фрлаат ѓубре насекаде.

Марија Сумрачка рече дека во зимскиот период не се вршело редовно читање на водомерите, но во летниот период се врши редовно читање на водомерите.

Седма точка-Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“ за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Таа е поединечна, а валутата на презентација е македонски денар. Нематеријалните средства евидентирани во годишната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување. Во своето работење во 2022 година ЈКП Брегалница“ остварило негативен финансиски резултат со загуба од-3.144.322 денари

Вкупните приходи за 2021 година се 47.843.246,00. Речиси 50% од приходите се приходи од вода за пиење. Има незначително зголемување на приходите по основ на собирање смет во однос на ланската година 11.981.189 наспроти 11.582.121, приходи од градска капела 235.176, приходи од Општина Делчево за уредување на нови паркови и одржување на паркови 665.723,00, приходи од пазарна такса 1.193.469, приходи од јавна чистота 1.925.002 денари.

Расходите за 2021 година се 48.684.196,00 денари и тоа за:плати 27.696.496,00 денари (62% од вкупните расходи), за електрична енергија во однос на ланската година трошоците се зголемени за околу 700.000 или 4.497.758 во 2021 и 3.700.896 во 2020, останати расходи во работењето 520.245 се однесува на Решението за присилна наплата од 2010-2017 на 3 години 2019,2020 и 2021) кое требало целосно да биде исплатено заклучно со месец март 2021, за резервни делови 296.904, отпис на ситен инвентар-автогуми 241.598, останати трошоци од работењето 736.205 и др.

Претседателот отвори расправа по точката.

Осма точка-Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;

Образлагач по оваа точка имаше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година бр. 09-2706/1 од 26.12.2022 година се врши следната дополна: Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 7 ( Донесување – одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од законот за Урбанистичко планирање ) после подточката 7.23 се додава нова подточка :

Подточка 7,24 , која гласи Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија - “Каблирање со 10 (20) кВ кабел, делница ТС 10/0,4 кВ Звегор 2 – ТС 10/0,4 кВ Звегор 1” (плански опфат ќе се движи по траса од КП бр.5602, КП бр.5598, КП бр.5091/2, КП бр.5089/1, КП бр.5047, КП бр.5094, сите во КО Звегор, продолжува по КП бр.1427/2, КП бр.1428/1, КП бр.1431, КП бр.1432, КП бр.1440, КП бр.1441, КП бр.1443/1, КП бр.1447, сите во КО Звегор вон град, потоа продолжува по КП бр.1449/1 КО Звегор, КП бр.1454, КП бр.1450 КО Звегор вон град, продолжува по КП бр.1449/1 КО Звегор, КП бр.5184, КП бр.5183, КП бр.

Деветта точка-Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи Татјана Стојковска која рече дека Програмата за одржување на јавна чистота на општина Делчево за 2022година е усвоена од страна на Советот на Општина Делчево е изготвена врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08) и истата содржи: Вид и обем на работите, Динамика, временски рокови и начин на извршување на истите и Финансиски средства потребни за извршување на истите.

Во Планираниот период се вршени следните работи:-М.М Брицо и М.Тито ( од ветеринарна станица до касарна)

-Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара

зграда на Општина Делчево)

- Булевар ,,Македонија,,(Од АД Фротирка до Шумско стопанство)

- Ул.,,Индустриска,,(Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,)

- Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,,(Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ)

- Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион)

- Градски Пазар

- Паркинг пред Спомен дом АСНОМ

- Паркинг пред Здравен дом

- Детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом

- Парк на Кеј на Ослободување

- Детско игралиште во Ново Делчево

- Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,,

- Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,,

- Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,,

Со програмата е предвидено во период од 01.06.2022 до 30.09.2022год. да се мијат улиците:,,Бул.Македонија, ,,М.М.Брицо,, ,,Маршал Тито , ,,Индустриска,,Никола Јонко Вапцаров,,и ,,Светозар Марковиќ,,. Миење на споменатите улици не е вршено,

бидејки ЈПКД,,Брегалница,, не располага со сопствено возило и ги користи по потреба услугите на ТППЕ-Делчево, меѓутоа во минатата 2022год. не се јавило потреба од миење на истите.Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на садовите за отпад се вршеше секој работен ден според распоред. Комуналниот цврст отпад од создавачите се собираше еднаш неделно, во централното градско подрачје двапати, додека во населените места Габрово, Звегор и Разловци двапати месечно, еднаш годишно на спортските игралишта и летната сцена на Голак.Чистење снег и мраз во зимски услови според програмата беше предвидено на површина од околу 13 900м2.Чистењето на снег и мраз е реализирано според Програмата на дадените локации и постапено по потреба односно е тесно поврзано со годишните врнежи на снег.

Во изминатата 2022од. врз основа на извршени дејности и услуги фактурирани се и наплатени по основ на јавна чистота од

-физички лица: фактурирани -1 559 240.00, а наплатени-1.257.202,00 или 80,6% наплата и

-правни лица: фактурирани- 407 400,00, а наплатени 357 600,00 или 87,7%, односно вкупно фактурирани 1 966 640,00, наплатени 1.614.802,00. или 82,1% од предвидената наплата.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА", советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година.

Десетта точка-Годишен извештај за спроведување на Програмата за управување со отпадот во општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач и по ова точка беше Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека Согласно член 19 од Законот за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ бр.68/04) Општина Делчево изготви Програма за управување со отпадот за 2022година и истата е усвоена од страна на Советот на Општина Делчево.

Програмата за управување со отпадот е дел од Планот за управување со отпадот за Општина Делчево за период од 2019-2023 год., а кој е во согласност со Националниот план за управување со отпадот на Р. Македонија. Опфатени се неколку области кои разработуваат одреден број на задачи.

ОБЛАСТ 1: Опис и отцена на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево

Задача1: *Евидентирање на типови и количини на отпад кои се создаваат во Општината и нивно соодветно управување*

ЈПКД,,Бреганица,, континуирано, по Оперативен неделен план за собирање на комунален и индустрански отпад го собира отпадот од домакинствата и правните лица при што врши евидентирање и приближна процена на комуналниот отпад кој се собира во општината.

Годишно во текот на 2022година соберени се вкупно 8 000тони отпад (комунален) и околу 90тони инертен отпад. Комуналниот се транспотрира и депонира на депонија ,,Острец,, додека градежен шут се депонираше на депонија,,Ралева чука,,

Задача 2: *Порамнување на отпадот на депонија ,,Острец,, и посипување со слој од земја со цел да се спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред*

Со оглед на тоа што постои опасност од самозапалување на отпадот и со цел да се спречи истото се превземаат активности во смисла порамнување на отпадот, негово набивање и посипување со песок најмалку еднаш годишно.

Изминатата 2022година според податоците добиени од ЈКПД,,Брегалница,, на депонија ,,Острец,, извршено е:

- чистење и посипување (април и август),

- во септември е извршено порамнување на патот кон депонија ,,Острец,,

Задача 3: *Регионален пристап во управувањето со отпад*

Во Програмата за управување со отпад за 2022год.е планиран регионален пристап на управување со отпад.

Општината е вклучена во регионалното решавање на управувањето со отпад преку следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затворање на оперативните депонии. Службените лица од ЕЛС преку обуки и работилници активно се вклучени во следење на препораките кои се добиваат за вклучување на општината во регионално управување со отпад.

Од активноста за вклучување на општина Делчево во регионалното управување со отпад делот на затварање на депониите се одвива во две фази од кои првата е во тек односно веќе се исчистени депониите Ралева чука, Попов мост, депонија под мостот на улица ,,Индустриска,, депонија кај с.Тработивиште, депонијата кај с.Град.

Исто така како дел од овој проект општината има добиено 169 контејнери кои се распоредени на територијата на урбаниот дел односно пред:објектите за колективно живеење, институции, училишта, фирми и маркети и кај градските гробишта и во с.Габрово, Тработивиште, Град, Разловци и Бигла.

Задача 5: *Евидентирање на диви депонии*

Со теренска обиколка на службените лица од одделение за инспекциски надзор во соработка со ЈПКД,,Брегалница,, евидентирани се неколку диви депонии:

-Попов мост, на ул.,,Индустриска,, под мостот на река Брегалница, депонија за градежен шут –Ралева чука (пат кон с.Киселица), Очипалска река и Црквенска река (од лева страна во патниот правец Делчево – Кочани),пат кон Голак, Умин дол- локација меѓу с.Стамер и с.Град, Стублето кај с.Стамер, во близина на сала кај градскиот базен, покрај патот накај депонија ,,Острец,, и др.и истите се ставени во програмата за расчистивање на Општина Делчево.

Задача 6: *Расчистување на диви депонии и рехабилитација на истите*

По евидентирање на дивите депонии и потребата која се појавува согласно законската регулатива исчистени се:

- Депонија на м.в. Студена чешма, депонија над градски гробишта, кај градскиот базент, Умин дол, зад дом на пензионерите, коритото на р.Габровчица, коритото на река Брегалница (од мостот до пешачкиот мост), кај Пустевски ендек, над куќите во I ви реон, Попов мост, Ралева чука и др.

  Депониите кои се расчистени во рамките на проектот од регионално управување со отпад согласно договорот со МЖСПП после рок од една година ќе бидат посипани со плодна земја и затревени односно рехабилитирани.

  Задача 7: Собирање на растителен отпад од дворните места

Согласно Програмата за управување со отпад донесен од Советот на Општина Делчево и Програмата за работа на ЈПКД,,Брегалница,, во септември и октомври е собиран растителниот отпад од дворните места.

Задача 8: *Собирање на габаритен отпад од домакинставта*

Во изминатата 2022 година од е вршено собирање на габаритен отпад од јавни површини и од дворните места по барање на имателите на габаритниот отпад.

Задача 9: *Собирање и селектирање на ПЕ амбалажа и отпадот од хартија*

Собирање и селектирање на отпадот од хартија и ПЕТ амбалажа не се вршеше во претходната 2022одина поради непостоење на услови за истата.

Селектирање на ПЕТ амбалажа и хартија се врши само од индивидуалните собирачи.

Од страна на Пакомак општината има добиено вкупно 50канти за селекција на отпад(25 за хартија и 25 за пластика и лименки) кои ке бидат распоредени на улица во општината од која ќе започне да се селектира отпад од домакинствата.

ОБЛАСТ 2: Зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини

Задача1. *Замена и поправка на садовите за собирање на отпад поставени на јавните површини и поставување нови на места на кои има потреба од истите.*

Општина Делчево во соработка со ЈПКД,,Брегалница,, има извршено поправка од различен вид на садови за отпад и тековно се поправаат контејнери кои се поставени пред објекти за колективно живеење.

ОБЛАСТ 3:Управување со опасен отпад

Задача1.*Одредување на локации собирање отпад од стакло и склучување на договор со фирма за превземање на истиот.*

Општината склучи договор со фирма Пакомак за селекција на стакло, согласно кој договор имаме добиено 5 игло контејнери за селекција и чување на стаклото.

Контејнерите се распоредени на 5 локации: на Кеј на Брегалница, зградата пред ООУ,,Ванчо Прќе,, на тампонираниот паркинг зад спомен дом АСНОМ, на паркингот кај СОУ,,М.М.Брицо,, и стариот градски пазар.

Задача2.*Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми и масла*

Отпадните гуми и масла се отпад кој се во поголеми количини собира и акумулира во приватните автомеханичарски работилници. По предходно задолжување истите склучуваат договор( или се обновува доколку е изминат) со лиценцирани фирми.

ОБЛАСТ 4: Едукација на населението

Задача1. *Подигање на јавната свест кај населението*

Во едукација на населението се учествува секојдневно и на разни начини.

- преку јавни гласила,
- прилагодување на наставната програма во училиштата,
-соработка помеѓу комуналните служби и граѓаните
-организирање на акции (општината во 2022год. склучи договор со компанијата Мен енд маунтен,, со подршка на МЖСПП за приклучување кон акција,,Генералка викенд,, од која за секои соберени 10кг селектиран отпад ќе биде засадено по едно дрво.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за управување со

отпадот во општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување.

**Единаесетта точка-Измена на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „ Весели Цветови", која рече дека на 15.08.2022 година, ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево има добиено согласност на Правилникот за систематизација од страна на Министерството за информатичко општество и согласно тоа се бара Измена на ГПВ за 20223 за унапредување на смеководителот во градинката.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски праша дали лицето ги исполнува условите за унепредувањеи побара да му се достави целокупната документација за лицето кое треба да биде унапредено. Тој ја праша директорката дали планира да ги вработи сите 4 лица коие се ангажирани привремено?

Б.Симовска рече по завршувањето на постапката за унапредување може да побара советникот увид во документацијата, а што се однесува до второто прашање таа рече дека веќе нема ниту едно лице во градинката ангажирано преку АПВ.таа исто така истакна дека сите родители на дечињата, од нив и советници, сакаат нивните деца да бидат згрижени во градинката, ама кога се јавува потреба од вработувања има реакции. Советот дал согласност за формирање а групи со поголем број на деца од законски пропишаниот по барање на ОЈУДГ ама за да може да се излезе во пресрет на барањта на сите, мора да се вработува кадар. Таа рече дека одговорно тврди дека во градинката нема ниту едно лице кое не работи или се шета по цел ден, сите се ангажирани максимално. Таа го покани советникот и другите советници да ја посетат градинката и да видат каква е состојбата и со бројот на деца и со бројот на вработени и дали вработените седат или се ангажирани.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 6 „ПРОТИВ" и 1 ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Измената на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023 година.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Љупчо Тодоров;**

Образлагач по оваа точка беше Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште која рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-499 од 10.08.2011 година, од страна на Љупчо Тодоров од с.Звегор – Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 5859 КО Звегор запишана во имотен лист бр. 723 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, аточкјата ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Љупчо Тодоров.

Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за расходовање на неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето;

Образлагач по точката беше Влатко Ангеловски-соработник за управување со движен и недвижен имот кој рече дека од страна на ООУ „Ванчо Прке“ е поднесено барање до Советот на Општина за давање согласност. За таа цел е исготвена и оваа долука која е на дневен ред на денешната седница и со која се бара Советот да даде согласност за расходовање на неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 2 кои не гласале (заради конфликт на интереси), Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за расходовање на неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето.

Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош по Барање број УП1 21-101 од 07.03.2023 година;

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот е поднесено барање УП1 21-101 од 07.03.2023 година за финансиски средства за болничко лекување на наша сограѓанка и предложи сума од 30.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по Барање број УП1 21-101 од 07.03.2023 година.

Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош по Барање број УП1 21-112 од 14.03.2023 година;

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Совет на Општина Делчево кој рече декам истоа така до Советот на Општина Делчево има поднесено барање за финансиска помош со бр. УП1 21-112 од 14.03.2023 година и предложи сума од 15.000 денари со оглед дека не станува збор за некое сериозно заболување.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по Барање број УП1 21-112 од 14.03.2023 година.

Шеснаесетта точка- Предлог-Заклучок во врска со Барање бр.09-801/1 од 21.03.2023;

Образлагач и по оваа точка беше претседателот на Советот Гоце Попов кој рече дека до Советот од страна на МЗ Стар Истевник има поднесено барање со кое мештаните бараат неколку работи да им бидат завршени со цел да им се олесни и животот и

работата. За таа цел е исготвен овој Заклучок кој во себе содржи неколку точки а кои се однесуваат на следното:

*Во врска со барањето на Месната заедница с. Стар Истевник број 09-801/1 од 21.03.2023, Советот на Општина Делчево го заклучи следното:*

*1.Со цел подобрување на осветлувањето кај селската чешма и селската црква надлежните служби задолжени за поставување и одржување на јавното осветлување да ја констатираат фактичката состојба и да ги преземат сите мерки за подобрување на осветлувањето-замена на светилки или поставување да дополнителна доколку има потреба;*

*2. ЈКП „Брегалница“ да постави метални садови за собирање на отпад (контејнери);*
*3. Општина Делчево-Сектор за урбанизам, да изнајде решение за проблемот со секундарниот отпад во смисла одредување и обележување на локации за секундарен отпад;*
*4. Општина Делчево да преземе мерки за прочистување на селските патишта кои водат до месноста Лиена и месноста Новинак за да можат земјоделците непречено да ги обавуваат своите работи;*

*5. ЈКП „Брегалница“ –Делчево и Општина Делчево да обезбедат стручна и правна помош во врска со решавањето на проблемот со селскиот водовод и нерационалната потрошувачка на вода од поединци заради што мештаните се соочуваат со недостаток на вода (за луѓето и добитокот) во летниот период;*
*6. Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“-Делчево да го известат Советот на Општина Делчево за сите преземени активности и мерки;*
*7.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево“.*

*Заклучокот да се достави до:*

- *Градоначалникот;*
- *Подносителот на барањето;*
- *Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај;*
- *ЈКП „Брегалница“-Делчево*
- *Совет на Општина Делчево.*

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а истата беше ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот во врска со Барање бр.09-801/1 од 21.03.2023

**Седуманесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;Предлог-Одлука за одобрување на приоритетен проект за апликација по Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ – Фаза 2, во форма на Грант и кофинансирање**

Образлагач по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник

за сообраќај и патишта која рече дека со оваа Одлука, се формира Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, како функционален дел на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

За претседател на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и членови се именуваат:

1. Билјана Прачкоска, *Секретар на ЕЛС - Општина Делчево -* **претседател;**
2. Николина Петровска Мавродиева, *Виш соработник за сообраќај и патишта - дипломиран сообраќаен инженер –* **член;**
3. Зоран Кускински, *Инспектор во ЕЛС Општина Делчево - дипломиран сообраќаен инженер -* **член;**
4. Биљанка Алексовска, *Самостоен референт за сообраќај и патишта и комунални работи- сообраќаен инженер,-* **член;**
5. Живко Стоименов, *Предавач во автошкола, дипломиран сообраќаен инженер -* **член;**
6. Миле Тодоровски – *Територијална противпожарна единица Делчево –* **член;**
7. Сара Станковски, *Полициски службеник во ПО за БПС Делчево,* – **член;**
8. Ана Ситновска Димитровска – *Советник – одговорен сметководител во Општина Делчево, магистар по монетарна економија, финансии и банкарство -* **член;**
9. Ивана Ивановска - *Советник за правни работи и застапување, магистар по казнено право -* **член;**

Во продолжение таа ги истакна задачите на Советот од член 1 на оваа одлука и тоа:унапредување на работите поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево; унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно-образовната работа на предучилишните установи и училиштата; остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и други субјекти по прашањата на самозаштита во областа на безбедноста во сообраќајот; организирање и учество во сообраќајно – воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива; поттикнување, развивање и помагање на научно – истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата; организирање на научни и стручни собири за работи од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата; соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за својата работа донесува Деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.

За остварување на задачите на членот 3 од оваа Одлука, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, донесува Годишна програма, која се усвојува од страна на Советот на Општина Делчево.Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, доставува до Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека според него претседател треба да биде лице од областа на сообраќајот, а не правник и имаше забелешка до Секторот за

урбанизам и Општината за тоа што уште од невремето ланската годиниа јуни 2022 година, се уште на повеќе места низ градот има уништени и превртени сообраќајни знаци, а ја истакна и потребата од соодветно обележување на земјоделската механизација и подобрување на безбедноста на услиците особено кај двете основни и средното училиште.

Николина П. Мавродиева истакна дека целта и функцијата на ова тело е токму тоа нови предлози, мерки и активности.

Оливера Ташевска праша колку е мандатот на ова тело?

Н.П.Мавродиева рече дека мандатот е 4 години.

**Осумнаесетта точка- Предлог-Одлука за одобрување на приоритетен проект за апликација по Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, во форма на Грант и кофинансирање;**

Образлагач и по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта која рече дека оваа одлука се предлага согласно барањата во Повикот за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти преку Фондот за техничка документација воспоставен со поддршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој, Советот на Општина Делчево, а се однесува на одобрува приоритетен проект за апликација по Повикот за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти преку Фондот за техничка документација воспоставен со поддршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој за мал Грант до 30 000 американски долари, како што следува:**Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во градот Делчево.**Со неа се потврдува дека Општина Делчево ќе обезбеди кофинансирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација (проектирање) односно ќе го обезбеди минималното кофинансирање во износ од 6 000 американски долари и дека доколку е потребно ќе ги покрие сите трошоци кои евентуално би се јавиле над висината на грантот, но не повеќе од 30% од максималната вредност на Грантот.

Оваа Одлука е составен дел на апликацијата за финансиска поддршка за техничка документација преку Фондот за техничка документација воспоставен со подршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали на магистрален пат може да постави кружен тек?

Н.П.Мавродиева рече дека се направени консултации со стручни лица и според нив може на магистрален пат да се постави кружен тек.

**Деветанаесетта точка-Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса зкористење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023**

**ОДЛУКА**

**За дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023**

Член 1

Со оваа одлука се дополнува членот 3 од Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023, објавена во „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.5/2023.

Имено, по ставот 1 од член 3 се додава нов став 2 кој гласи:

*„Градоначалникот на Општина Делчево да го задолжи Секторот за урбанизам,заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР да издава Потврда , по барање на имателите на електрични броила ,со која ќе потврди дека имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување се лоцирани и поставени на:*

*- земјоделско земјиште вон мрежата за јавно улично осветлување и*

*- придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување“.*

Дваесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.

Зекир Абдулов, До градоначалникот на општина Делчево

1.*Дали и кога ќе се постави улично осветлување на ул. „Видое Смилевски-Бато?*

Прашањето било поставено на 18.седница одржана на 26.01.2023 година и на истото градоначалникот на општина Делчево има одговорено позитивно. Истото прашање било поставено и на 19.седница одржана на 24.02.2023.

Бидејќи се уште не е поставено улично осветлување на ул. „Видое Смилевски-Бато“, на барање на жители кои живеат таму, а од градоначалникот има позитен одговор, го поставува ова прашање и на оваа седница.

Бојана Гоцевска, до директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

Пред извесно време на ул. „Скопска“ поради дефект на водоводната линија имало интервенција од страна на екпипа на ЈКП „Брегалница“-Делчево при што дефектот е саниран но не е извршена замена на дотраена( пукната) цевка. Бидејќи цевката не е заменете со нова, а постои опасност од повторен дефект и поплавување на подрумските простории на околните куќи, прашањето е:

*1.Дали и кога на тоа место ќе биде поставена нова водоводна цевка?*

Оливера Ташевска, до Центарот за управување со кризи-Делчево

1.Дали и кога ќе има обесштетување на штетата предизвикана од пожарите кои ги зафатија селата Стар и Нов Истевник и м.в. Пасјак?

Оливера Ташевска, до директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

1. Зошто се уште не се санирани прекопите на асфалтот на улицата кај Здравен дом „Гоце Делчев“ каде имаше пукање на водоводна цевка и на ул. „Вера Јоциќ“ над гимназијата „М.М.Брицо“ од страна на ЈКП „Брегалница“ и дали и кога се планира санирање со асфалт или бекатон плочки?

Оливера Ташевска, до ЈКП „Брегалница“ и Општина Делчево

1. До каде е постапката за поставување на канти за отпадоци во Централното градско подрачје?

Иван Гоцевски, до Градоначалникот на Општина Делчево

1. Дали се точни тврдењата кои кружат меѓу граѓаните дека немате поставено командир на ТППЕ?

2. Доколку е така, од која година Општина Делчево функционира без командир?

3. Доколку е така, која е причината што се уште немате поставено командир на ТППЕ Делчево?

4.Дали меѓу вработените на ТППЕ Делчево има лице/лица кои ги исполнуваат уловите за да бидат назначени за командир на ТППЕ и ако е така од која година има такво лице или лица коишто ги исполнуваат условите, а Вие како градоначалник се уште го немата назначено?

Иван Гоцевски, до Градоначалникот и директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

1. Кога ќе се санираат оштетувањата на асфалтот на улиците „Браќа Миладиновци“, „Острец“,„Вељко Влаховиќ“, во населба Ново Делчево, во селата Габрово и Ѕвегор бидејќи тоа е веќе подолго време?

Иван Гоцевски, до Сектор за финансиски прашања

1. Колкав е бројот на вработени во Општина Делчево (по Платен список) во месец декември за периодот од 1997 до 2022 година?

2. Бараме список на моментално вработени во Општина Делчево со име и презиме и работно место (по Платен список)?

Ели Ризова Ангеловска, до директорот на ЈКП „Брегалница

1. Дали директорот смета дека ја врши како што треба основната дејност на претпријатеието-трајно и без прекин бидејќи во извештајот е наведено дека основна дејност на претпријатието е:„Собирање, прочистување и дистрибуција на водата за пиење“.

Жителите на село Град последните 2 недели се соочуваат со сериозен проблем од недостиг на вода за пиење и загадена вода што е незамисливо во денешно време. Зошто не е преземено ништо од Ваша страна и што ќе преземете, кога ќе излезете на терен да ја видитие вистинската состојба со проблемите со водата во с. Град?

2. Зошто се уште нема никаков одговор од Ваша страна на Барањето поднесено од страна на претседателот на МЗ с.Град до Вас?

3. Барам писмен одговор-кои диви депонии се исчистени во с.Град и кога последен пат?

Тони Стаменковски, До Градоначалникот на Општина Делчево

1. Во врска со поднесената Иницијатива бр.09-1031/1 од 26.04.2023 и доставениот одговор од Ваша страна, на точките 1 и 2 беше одговорено негативно, а на точките 3 и 4 ниту позитивно ниту негативно. Од тие причини барам службите од општинската администрација да направат консултации со управниот одбор и директорот на ЈКП „Брегалница", да ја разгледааат точка 3 од Вашиот одговор на Иницијатаивата и да донесат предлог-заклучоци или одлуки.

*( Во однос на точка 3 од поднесената иницијатива за ослободување или процентуално намалување на давачките во комуналното претпријатие Ве известуваме дека висината на комуналните услуги во ЈКП Брегалница Делчево ја утврдува управниот одбор врз основа на одлуки на регулаторна комисија, па согласно тоа наше мислење е дека потребно е да се направат консултации и средби со управниот одбор и директорот на јавното претпријатие за да се утврди дали постојат законски можности за ослободување или процентуално намалување на комуналните услуги во јавното претпријатие и на кој начин истото би било реализирано).*

Истото се однесува и на точка 4, барам службите од општинската администрација да направат консултации со училишните одбори и директороторите на двете основни и средното општинско училиште, во врска со точката 4 од одговорот на Иницијативата.

*(Во однос на точка 4 од поднесената иницијатива за ослободување од плаќање на екскурзии во оптиските основни училишта сметаме дека треба да се направи средби и консултации со директорите на општинските основни училишта со кои би се разговарало за можноста и начинот на кој овие деца би биле ослободени од плаќање на екскурзии, односно како би се вршело плаќањето спрема правните лица (превозници, агенции и сл), дали истото би било покриено од буџетите на училиштата или пак од буџетот на општината и како сето тоа законски да биде реализирано и поткрепено.*

Тони Стаменковски, до ЈКПД „Брегалница"-Делчево

1. Да се исчисти коритото на река Грабровчица од големиот нанос/насип кој се таложи повеќе од 15 години и претставува вистинска опасност од излевање на реката и поплавување на поголем дел од Централното градско подрачје, особено населбата Ново Делчево. Најзагрозен и најкритичен дел е мостот кај ООУ „Св.Климент Охридски" каде наталожениотнасит/нанос е повеќе од 1 метар.

Тони Стаменковски, до Овластениот градежен инспектор

1. Во врска со Барањето бр.14-995/1 за итен инспекциски надзор, од страна на инспекторот се уште не е доставен писмен извештај од исходот од увидот, констатацијата на терен и дали инвеститорот соодветно е казнет поради непостапување и неквалитетно извршување на градежните работи за санација, посебно кај семафорите и кафе бар „Валиум".

Тони Стаменковски, до директорката на СОУ „М.М.Брицо"

1. Да се санира искинатата мрежа на игралиштето кај гимназијата.

2.Дали во СОУ „М.М.Брицо“ има активен педагог и вработено психолог? Барам писмен одговор.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов

Записникот го водела

Снежана Трајкова